NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

П.Фах 23, 6000 Охрид, Република Северна Македонија | Т: +389 46 262 304 | Т/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk
P.O. 23, 6000 Ohrid, Republic of North Macedonia | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 6 став 2 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/1, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас „Службен весник на Република Северна Македонија бр.259/2024), Правилникот за систематизација на работните места во Национална установа „Охридско лето“ - Охрид, бр.01-272/1 од 05.08.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Национална установа „Охридско лето“ Охрид бр.01-43/1 од 18.02.2022 година, бр.01-355/1 од 13.07.2023 година, бр.03-31/1 од 23.01.2024 година и бр.01-314/2 од 29.05.2025 година, Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на НУ „Охридско лето“ Охрид бр.01-355/1 од 04.06.2025 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.19-7404/2 од 11.07.2025, НУ „Охридско лето“ Охрид, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 1/2025**
**за унапредување на 1 (еден) административен службеник**

Интерен оглас се објавува за унапредување на 1 (еден) административен службеник во НУ „Охридско лето“ Охрид, со пополнување на следното работно место:

1. **КУЛ 01 02 Б04 001 - Раководител на одделение за административни, општи и правни работи - Одделение за административни, општи и правни работи – 1 (еден) извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- степен и вид на образование: стручни квалификации за ниво Б4 - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Општествени науки: Право

- работно искуство: за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

**Општи работни компетенции на напредно ниво**:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**
- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови: 40 часови неделно
- Работно време од 08:00 до 16:00 часот

**Паричен нето износ на плата:** 55.251,00 денар

На интерниот оглас може да се пријави административен службеник, вработен во институцијата, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Закон за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во НУ „Охридско лето“ Охрид, како и:
- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку 2 (две) години на исто ниво;
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите, пополнета пријава и доказите за податоците содржани во пријавата ја доставуваат преку архивата на НУ „Охридско лето“ Охрид, адреса ул. „Партизанска“ бр.4, Охрид и до службената електронска адреса contact@ohridskoleto.com.mk, со назнака **„за интерен оглас бр.01/2025“**.

**Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на веб страницата на НУ „Охридско лето“ Охрид и на веб страницата на Агенција за администрација.**

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат и следните докази:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или

- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на раководното лице на Установата. Постапката за селекција се состои од две фази: административна селекција и интервју.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или кој ќе достави ненавремена, нецелосна и неуредна пријава, нема да биде предмет на разгледување и истиот ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Доставено до:
- Архива
- Агенција за администрација

**НУ ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид**
**Директор**
**м-р Ѓорѓи Цуцковски**